РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4888/2
16-10-2024

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 9-та седница одржана на ден 09.10.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-4888/1 од 12.11.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-4888/1 од 12.11.2021 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-4888/1 од 12.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ------------------ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансикото работење во ------------------------, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10.2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да

се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Во конкретниот случај, разрешувањето на лицето -------------------------- од член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансикото работење во --------------------------- на ден 30.07.2021 година и согласно со чл.82 ст 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на разрешувањето, односно до 30.08.2021 година, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води..

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Б.С., советник
Одобрил: м-р Ц.Р. , член на ДКСК

Претседател,

Татјана Димитровска